РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-2010/2
29-05-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на 30 - тата седница прво продолжение одржана на ден 18.05. 2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-3903/1 од 15.08.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3903/1 од 15.08.2019 година.

Предметот со број 09-3903/1 од 15.08.2019година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3903/1 од 15.08.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека директор на детска градинка во Општина Прилеп примал 2 плати, како книговодител и како директор.

Државната комисија, на седницата одржана на ден 18.05.2020 година констатира дека во пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК